# IX 10 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОМПОЗИЦИЈА

Сега е време за нашите топ десет основни принципи на композиција. Овде ја следиме познатата мала книга наречена Елементи на стилот, која многумина ја сметаат како Библија за млади новинари. На само неколку десетици страници, оваа книга ги сумираше повеќето правила и типични грешки во пишувањето.

## ПРАВИЛО 10

**Чувајте ги поврзаните зборови заедно**

Положбата на зборовите во реченицата ја покажува нивната поврзаност. Треба да ги поврзете и да ги ставите заедно оние зборови кои се поврзани, во спротивно вашите реченици може да бидат двосмислени и нејасни.

### Споредете ги овие примери

*Можеш да и се јавиш на мајка ти во Лондон и да ѝ кажеш дека Џорџ ќе те однесе на вечера за само два долари.*

---

*За само два долари можеш да и се јавиш на мајка ти во Лондон и да и кажеш дека Џорџ ќе те однесе на вечера.*

Која е разликата? Повикот е тој што чини два долари, а не вечерата. Доколку не е така, ќе изгледа дека личноста која ја кажува реченицата всушност се жали на мајка си за скржавоста на Џорџ, а всушност, вистината е дека на личноста и е мило дека Џорџ ќе ја носи на вечера и сака да го сподели тоа со својата мајка.

Вториот пример е од весник:

*Првата комерцијална банка за човечка сперма во Њујорк беше отворена во петокот со примероци од сперма од осумнаесет мажи замрзнати во резервоар од нерѓосувачки челик.*

Информациите, секако, треба да се читаат вака:

*Првата комерцијална банка за човечка сперма во Њујорк беше отворена во петокот кога беше земена сперма од осумнаесет мажи. Примероците потоа беа замрзнати и складирани во резервоар од нерѓосувачки челик.*

Проблемот со првата реченица е, се разбира, тоа што не се замрзнати мажите туку примероците.

ПРАВИЛО 9

## Во резимирањето држете се до едно време

Кога го сумирате дејството, користете сегашно време. Во сумирањето на песна, приказна или роман, користете ја и сегашноста, иако можете да го користите минатото ако ви изгледа поприродно да го направите тоа. Ако резимето е во сегашно време, второто дејство треба да биде во свршено време. Без оглед на времето кое сте го одбрале, битно е да бидете доследни.

ПРАВИЛО 8

## Поставете ги нагласените зборови на крајот од реченицата

Вообичаено место за зборот или зборовите кои треба да бидат најважни и најнагласени е на крајот. Различниот редослед на зборови може да ги направи вашите реченици сосема различни.

### Погледнете ги овие примери

Ако кажете *Овој челик главно се користи за изработка на жилети, поради неговата цврстина*, акцентот е ставен на цврстината;

но, ако кажете *Поради својата цврстина, овој челик главно се користи за изработка на жилети*, тогаш имате поинаков акцент.

Значи, ако пишувате за жилети, вториот пример е всушност она што сакавте да го кажете или нагласите.

ПРАВИЛО 7

## Избегнувајте низа едноставни реченици

Честопати е случај во нашето пишување да правиме сложени, долги реченици поврзани со голем број "и, но, кои, тоа и така натаму". Многу е подобро да ја избегнете монотонијата со тоа што ќе ги разделите на два дела, користејќи точка-запирка, периодични реченици и слично.

ПРАВИЛО 6

## Изостави ги непотребните зборови

Доброто пишување е концизно. Како што тврди Вилијам Стунк:

*„Реченицата не треба да содржи непотребни зборови, а параграфот не треба да содржи непотребни реченици, од истата причина што цртежот не треба да има непотребни линии, а машината непотребни делови"*

Ова не значи сите ваши реченици и пишување да бидат кратки, туку дека секој збор што го користите има свое место и цел.

ПРАВИЛО 5

## Користете концизен, специфичен, конкретен јазик

Претпочитајте го специфичното повеќе од општото, определеното повеќе од нејасното, конкретното повеќе од апстрактното. На пример:

*Започна период на неповолно време.*
***Една недела врнеше секој ден.***

*Тој покажуваше задоволство додека ја превземаше својата добро заслужена награда.*
***Тој се насмевна додека ја ставаше паричката во џеб.***

ПРАВИЛО 4

## Формулирајте ги изјавите во позитивна форма

Обидете се да избегнете двоумење, необврзување и затајување. Или, со други зборови, не пишувајте или зборувајте како политичар.

*Не беше многу често на време – обично* **доаѓаше доцна**

*„Скротување на итрината" е прилично слабо на некои делови. Шекспир не ја прикажува Кетрин како многу восхитувачки лик, ниту Бјанка останува долго во сеќавање како важен лик.*
----------vs-----------
***Жените во „Скротување на итрината" се непривлечни. Кетрин е непријатна, Бјанка е безначајна.***

ПРАВИЛО 3

## Користете го активниот глас

Ова правило не значи дека треба целосно да го отфрлиме пасивниот глас, кој често е корисен, а понекогаш и неопходен. Сепак, премногу често луѓето имаат тенденција да го користат прекумерно.

Земете ги следниве примери

*Драматурзите денес се малку ценети.*

*Тој покажуваше задоволство додека ја превземаше својата*

Првиот пример би бил пософодветен ако се пишува за драматурзите, вториот пример би бил соодветен ако се пишува за вкусовите на современите читатели. Потребата да се направи одреден збор предмет на реченицата, често, како и во овие примери, одредува кој глас ќе се користи. Но, користењето на активниот глас сепак е подобар начин да се пишува живо, нагласено и со сила.

ПРАВИЛО 2

**Направете го параграфот единица
која ке ги состава останатите параграфи**

Како што дискутиравме претходно, параграфот е соодветна целина сама по себе; Како по правило, започнете го секој пасус или со реченица што ја сугерира темата или со реченица што помага во транзицијата од претходниот кон моменталниот параграф. Параграфот може да биде со која било должина, доколку содржи еден логички редослед. Во принцип, запомнете дека параграфирањето бара добро око, како и логичен ум.

ПРАВИЛО 1

**Изберете соодветен дизајн и држете се до него**

Основен структурен дизајн е во основата на секој вид пишување. Писателите делумно ќе го следат овој дизајн, делумно ќе отстапат од него, според нивните вештини, нивните потреби и неочекуваните настани што го придружуваат чинот на композицијата.

Пишувањето, за да биде ефективно, мора внимателно да ги следи мислите на писателот, но не нужно по редоследот по кој тие мисли се појавуваат. Ова бара шема и процедура. Во некои случаи, најдобриот дизајн е да нема дизајн, како со љубовно писмо, кое е едноставно излив на мисли и емоции. Но, во повеќето случаи, планирањето мора да биде намерна увертира за пишување. Според тоа, првиот принцип на композиција е да се предвиди или одреди обликот на она што ќе дојде и да се следи тој облик.